- Зорица Најдовска – Управа за јавни приходи;
- Рената Здравкоска - Министерство за финансии;
- Ваљмира Шерифи - Министерство за економија;
- Синан Сејфула - Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-8789/1
26 септември 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**4856.**

Врз основа на член 36 став (9) од Законот за производи за заштита на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 110/07, 20/09, 17/11, 53/11 и 69/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА СЕКОЕ ТРЕТИРАЊЕ НА РАСТЕНИЈАТА И НА РАСТИТЕЛНИТЕ ПРОИЗВОДИ ОД СТРАНА НА КОРИСНИЦИТЕ КОИ УПОТРЕБУВААТ ПРОИЗВОДИ ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење и чување на евиденцијата за секое третирање на растенијата и на растителните производи од страна на корисниците кои употребуваат производи за заштита на растенијата.

Член 2

Корисниците на производите за заштита на растенијата, евиденцијата од член 1 на овој правилник задолжително ја водат при употреба на производите за заштита на растенијата во било која фаза на производство до берба, како и при употреба на производите за заштита на растенијата во период после берба, и тоа во пишана и електронска форма.

Член 3

Евиденцијата за секое третирање на растенијата и на растителните производи во било која фаза на производство до берба се води на образец во А3 формат на бела хартија и ги содржи следните податоци:
- реден број
- сопственик на посев;
- локација на парцела (КП број);
- дата на апликација;
- вид на култура;
- дата на очекувана берба;
- наод (вид на штетен организам/ негативен);
- интензитет на појава на штетен организам;
- оправданост (терапија/превентива);
- производ за заштита на растенијата;
- активна материја;
- концентрација на смесата или растворот за третирање;
- количество на производ за заштита на растенијата;
- третирана површина;
- каренца;
- метод на апликација; и
- аплицирал.

Член 4

Евиденцијата за секое третирање на растенијата и на растителните производи при употреба на производите за заштита на растенијата во периодот после берба се води на образец во А3 формат на бела хартија и ги содржи следните податоци:
- реден број
- сопственик;
- вид на растителен производ/сорта;
- идентификација на растителниот производ;
- количество на растителен производ врз кој е аплициран производ за заштита на растенија;
- дата на апликација;
- место на апликација;
- производ за заштита на растенијата;
- активна супстанција;
- концентрација на смесата или растворот за третирање;
- количество на производ за заштита на растенијата;
- каренца;
- метод на апликација; и
- аплицирал.

Член 5

Формата и содржината на евиденцијата од членовите 3 и 4 од овој правилник се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Евиденцијата од членот 1 на овој правилник, корисниците кои употребуваат производи за заштита на растенијата треба да ја чуваат на местото на кое е регистриран корисникот, и на начин на кој ќе се овозможи пристап на овластените службени лица.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.17-15/5
8 октомври 2014 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
м-р **Михаил Цветков,** с.р.

Прилог

Евидентирање на користењето на производите за заштита на растенијата во било која фаза на производство до берба

**Сопственик на посев:** ______________________________

| Реден број | Локација (КП број) | Дата на апликација | Вид на култура | Дата на очекувана берба | Наод (вид на штетен организам / негативен ) | Интензитет на појава на штетен организам | Оправданост ( терапија / превентива ) | Производ за заштита на растенијата | Активна материја | Концентрација на смесата или растворот за третирање | Количество на производ за заштита на растенијата | Третирана површина | Каренца | Метод на апликација | Апликирал |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |

Евидентирање на користењето на производите за заштита на растенијата во период после берба

**Сопственик :** ______________

| Реден број | Вид на растителен производ / сорта | Идентификација на растителниот производ | Количество на растителен производ врз кој е аплициран производ за заштита на растенија | Дата на апликација | Место на апликација | Производ за заштита на растенијата | Активна супстанција | Концентрација на смесата или растворот за третирање | Количество на производ за заштита на растенијата | Каренца | Метод на апликација | Апликатор |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |